Т. ТОМОСКИ

# СВЕТИ ГРАД Е ВТОРО ИМЕ ЗА СРЕДНОВЕКОВНИОТ ГРАД ДЕБАР

Називот на денешната населба Дебар потекнува од турско време. Порано на тоа место или во неговата близина постоело село, односно касаба, по име Раовник[1]). Според прикажувањето, градот Дебар најнапред се наоѓал кај денешното село Граждани, сега во Албанија, а потоа се преместил и „прилѣпилъ до старото село Раовник (Орѣхово)"[2]). Постои и друго предание според кое селото Коџаџик „пред идењето на Турците и долго време потоа се викало Оровник"[3]). Како што се гледа легендите го поставуваат Раовник (Оровник) кај денешниот Дебар и кај с. Коџаџик. Во приведените преданија бездруго се кријат сеќавања на некогашната врска меѓу имињата Дебар и Коџаџик. Појавата на менување на положбата, па и на името е забележена во историјата на некои македонски градови, особено во периодот под турската власт. На пример: Велес и Прилеп се поместиле на неколку километри подалеку од поранешните локалитети, потоа населбите Битола, Тетово, Велес, Железнец и Свети Град биле преименувани во Манастир, Калканделен, Köprülü, Демир Хисар и Коџаџик[4]).

Легендата за постоењето на с. Раовник може да се проследи и со податоци од современи историски извори. Имено, во времето кога дебарската земја била под српска власт, тогаш се споменува во светостефанскиот хрисовул меѓу другите игумени и старешината на ораовничкиот манастир[5]). Во случајот станува збор за манастир што се наоѓал

---

[1]) М. Селишчев врз основа на податоците од кодиките на манастирите Матка и Слепче дошол до заклучок дека во реонот на денешниот град Дебар или на неговото место се наоѓал град по име Ореховник, а називот „Дебр" се употребувал за означување на месноста. А. М. Селищев, Македонские кодики XVI—XVIII веков, София 1933, стр. 22, 29, 67 и 76. За положбата и староста на населбата Дебар види: Јован Трифуноски, Дебар, Гласник Етнографског института САН, II—III, Београд 1957, стр. 258 и 259.

[2]) Арсени Алексиевъ, Етнографски бѣлѣшки за полянитѣ, мияцитѣ и бърсяцитѣ, Сборникъ за народни умотворения и народописъ БАН, XXX, София стр. 8. Види и Ст. Стаматовъ, Материали по географията и миналото на Дебъръ и Дебърско, Дебърски гласъ, год. I, кн. I, София 1935, стр. 9.

[3]) Бранислав Русић, Жупа Дебарска, Скопље 1957, стр. 19 и 73.

[4]) Hamid Hadžibegić, Glavarina u osmanskoj državi, Sarajevo 1966, str. 48 и 57. Види ја и мојата статија под наслов „Прашањето на Коџаџик", Историја IV—2, Скопје 1968.

[5]) Т. Томоски, Прилог кон убикацијата на модричкиот манастир, Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје 23, Скопје 1971, стр. 255.

кај с. Ораовник во Горни Дебар[6]). По распаѓањето на Немањичката држава и по згаснувањето на последните самостојни феудални држави во Македонија, поправо во средината на XV век, дебарскиот предел бил вовлечен во големата војна што Скендер бег ја водел против турските агресори. Тогаш во врска со таа борба се споменува и името на населбата „Oronicheus", која според Марин Барлетиј, биографот на Скендер бег, се викала и Oronichius („vel notiori vocabulo Oronichius appelatus"). Таа лежела на едно мало поле во Горни Дебар (in Dibra superiore, in quodam planicie haud multum lata...")[7]). Раовник, поправо, и лежел на работ на Дебарското поле, во пазувата на планината Крчин, на околу 15 км. северозападно од Коџаџик. Тој имал добри комуникациони врски со Дрим Кол, Голо Брдо, Голема Река, Мала Река, Големо Грло и Мало Грло. Раовник, по паѓањето под турска власт станал „административен и стопански центар на целата Дебарска област"[8]). Според мислењето на М. Соколоски во XV и XVI век „населба со називот Дебар не постои, а постои Раховник како централно седиште на Дебарска околија[9]). Од гореизложеното може да се заклучи: 1) дека Раовник лежел во Дебарското поле и немал тврдина и 2) дека Дебар како населба не е забележен во пописните дефтери од XV век и во поголемиот дел од XVI век.

Сведенијата за Дебар во предтурскиот период се оскудни, нејасни и прилично неопределени во поглед на значењето на тоа име. Од зачуваните податоци тешко може да се разбере што значи тој збор и дали означува име на населба[9a]) или на предел или и едно и друго. Во Диканжиовиот список за архиепископите на охридската црква е забележено и името на Јован кој бил од Дебар, од селото Агноандики[10]). Скилица — Кедрин прикажува дека драчкиот стратег Василиј Синадин „ги кренал местните војски во пресрет на Дељан... и стигнал при таканаречениот Дебар"[11]). Во почетокот на XII век, во 1108 година, охридскиот архиепископ Теофилакт упатува писмо до дебарскиот епископ[12]). Византиската писателка Ана Комнина прикажува за напорите што Византија ги правела да го одбрани Дебар од Норманите и притоа дава опис на текот на реката

---

[6]) А. М. Селишев, цитирано дело, стр. 29.

[7]) Vita, et res praeclare gestae christi athletae Georgii Castrioti, Epirotarum principis... a Marino Barletis... Zagrebiae, Anno 1743, стр. 91 види и стр. 260. Dh. Shuteriq i селото Ораник го идентифицира со охридското село Оровник, меѓутоа Хилми Садику топонимот Оронок го бара во Дебарското поле меѓу Којнаре, Бомово, Удово и градот Дебар. За ова види ја дискусијата на Hilmi Sadiku, A propos l'extension de la Dibra au XVe siecle et de l'identifikation D'Oranik et de la Mökër medievale што е објавена во Deuxieme conference des etudes albanologiques II, Tirana 1970, стр. 544 и 545.

[8]) Галаба Паликрушева, Александар Стојановски, Дебарската област во шеесетите години на XV век, Гласник на Институтот за национална историја XIII—1, 2, Скопје 1969, стр. 39.

[9]) Турски документи за историјата на македонскиот народ. Опширен пописен дефтер № 4 (1467—1468 година), Скопје 1971, стр. 293.

[9a]) Според мислењето на Ив. Снегаров градот Дебар не постоел во X век. Ив. Снѣгаровъ, Блгарскиятъ първоучитель св. Климентъ Охридски, Годишникъ на Софиѫския Университетъ — Богословски факултет, IV, София 1927, стр. 310.

[10]) Йорданъ Ивановъ, Български старини изъ Македония, София 1931, стр. 566.

[11]) Гръцки извори за българската история VI, София стр. 302.

[12]) Византијски извори за историју народа Југославије III, Београд 1966, стр. 322.

Дрим и на притоките што се вливаат во таа река кај Дебар[13]). Во средината на XIII век Георгиј Акрополит на два пати минувал преку Дебар на пат од Албанија за Прилеп[14]). Подоцна, во првите години на владеението на крал Милутин потпаѓа под српска власт „земја дебарска са свима градовима и државама њиховим"[15]). Во почетокот на XIV век, поправо во 1308 година, во договорот на Карло Валоа со прателниците на српскиот крал Урош е ставена и „contrata de Debar"[16]).

Потоа настапува една празнина и период со оскудни вести за Дебар. Од средината на XV век потекнуваат повеќе информации за Горни Дебар и за некои месности во пределот. Тие, а особено податоците што ги дава Марин Барлетиј, не доближуваат до одговорот на прашањето во врска со постоењето на градот не само во XV век, туку и порано.

Имено, М. Барлетиј пишува дека Свети Град (quod idem apud Illyricos signat, quod sancta civitas[17]) бил единствена тврдина во Горни Дебар положен на границите спрема Македонија (Urbem aliam, vel castellum non habet praeter Sfetigradum in limitibus ipsis ad Macedoniae ora[18]). Споменатите зборови, како и описот што го дава М. Барлетиј за Горни Дебар и за положбата на градот, не водат сигурно до локалитетот на именуваниот град. Според М. Барлетиј тврдината се наоѓала во Горни Дебар во планински и див предел што бил прошарен и со плодни месности (Superior Dibra montuosa est, et aspera, ferax tamen[19]). Таа лежела на границата, на висок рид, била како орловско гнездо, видлива... (Hoc oppidum in Superiore Dibra ad fines imperii jacet, in excelso monte, ut de caeteris diximus, velut aquilae nidus, conspicium...[20]). Освен тоа, ова од природа утврдено место било обградено со ѕидои за заштита од непријателот (Sed tum per valles, tu per montes, nullis septos muris, circumfus incolae solo munimento naturali locorum ab injuris hostium fese tutantur[21]).

Гореприведените зборови на М. Барлетиј за споменатите месности даваат слика на Дебарската Жупа и на Коџаџик, кој некогаш бил центар на пределот. Коџаџик лежи во непосредна близина на планинското било Стогово, кое е изабено од дејството на ерозивните сили. Природата, особено околу Коџаџик, е возбудливо дива. Длабокиот мир што таму владее го нарушува бистрата планинска река што тече низ едно корито исполнето со големи камени блокови. Тврдината била изградена на една тешко достапна, стрмна и масивна камена купа што се издига над денешното село Коџаџик. На врвот од главата лежел горниот град,

---

[13]) Истата книга, стр. 391 и 394.

[14]) Прилеп и Прилепско низ историјата, Прилеп 1971, стр. 81.

[15]) Архиепископ Данило II, Животи краљева и архиепископа српских, Београд 1935, стр. 86.

[16]) Т. Томоски, Исправки и дополненија на некои карти од средновековната историја на Македонија, Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје 7, Скопје 1954, стр. 115. Види и Ludovicus de Thalloczy, Constantinus Jireček et Emilianus de Sufflay, Acta et diplomata res Albaniae mediae aetatis illustrantia I, Vindobonae 1913, стр. 174.

[17]) Vita... Georgii Castrioti... str. 23.

[18]) Vita... Georgii Castrioti... str. 14.

[19]) Vita... Georgti Castrioti... str. 136.

[20]) Vita... Georgii Castrioti... str. 23.

[21]) Vita... Georgii Castrtoti... str. 14.

кој бил зацврстен со изградени ѕидови и кули. Во подножјето, на една пространа месност, се развил подград (јамборија), кој бил обграден со неколку појаси ѕида. Сите знаци: локалитетот, положбата што ја има тврдината во Горни Дебар и релјефот на пределот укажуваат дека Коџаџик е идентичен со Свети Град[22]).

Името Свети Град не е првично, зад него бездруго се прикрива правиот назив на населбата. Во историјата на населбите познати се повеќе примери на именување на месности и со втор назив. Во преодот од IX на X век продолжителот на Георгиј Монах употребил назив Божи Град за означување на Константинопол[23]). Подоцна, во XI век бил издаден дури и хрисовул за преименување на Атос во Света Гора[24]). Најодзади, да не се заборави дека второто име на Ерусалим било Свети Град (Αγὶα Πόλει)[25]) Тоа име της άγιας Πόλεως како втор назив за Ерусалим било употребено и кон крајот на XVI век во едно патријархално и синодално писмо за манастирот Св. Јован во Андринопл.[26]).

Исто така и во случајот на дебарскиот Свети Град станува збор за еден мал град (средновековен), кој имал свое име[27]). Бездруго се работи за Дебар, за административниот центар на жупата и за седиштето на дебарската епархија[28]). Во Горни Дебар нема друг локалитет што би бил поподобен за изградба на средновековен град од месноста кај Коџаџик. Турската власт не случајно ја задржала споменатата тврдина и натаму активна. Тоа воено упориште, во средината на XVI век, било разорено од земјотрес, па чуварите на градот (мустахфизите) инсистирале да се извршат поправки, бидејќи „се наоѓа на место полезно за вилаетот"[29]).

---

[22]) Види ја мојата статија „Прашањето на Коџаџик", Историја IV—2, Скопје 1968 Г. Паликрушева и А. Стојановски во цитираната статија на стр. 43 и 44 искажале мислење дека „засега не може сосема да се исклучи и поинакво решение" за положбата на Свети Град и дека „треба да се обрне повеќе внимание на овој реон (се мисли на Дебарскиот Дримкол заедно со Модрич) а посебно на самата Пискупштина". Меѓутоа, при убицирањето треба да се има предвид дека Свети Град, според М. Барлетиј, бил во Горни Дебар, а Пискупштина со тврдината Модрич околу 1467 година биле во составот на Долго Брдо (Голо Брдо). За ова види ја статијата на Halil Inalcik, Les regions de Kruje et de la Dibra autour de 1467, Deuxieme conference des etudes Albanologiques I, Tirana 1969, стр. 230.

[23]) Гръцки извори за българската история VI, София, стр. 134.

[24]) Franz Dölger, Regesten der kaiserurkunden des oströmischen Reiches 2 Teil: 1025—1204, München und Berlin 1925, стр. 11 и 12.

[25]) Гръцки извори за българската история V, София, стр. 187.

[26]) Le R. P. Louis Petit, Actes du Pantocrator, Санкпетербург 1903, стр. 48.

[27]) Името Свети Град е забележено од летописецот во врска со неговото завладување од турската војска во 1448 година со следниве зборови въ SCNS (=1448) доиде царъ на Скедер-бега и узе му Свети гратъ. Види Љ. Стојановић, Стари српски родослови и летописи (1927), 119, 235. Во истата 1448 година било испратено известување од Љеш за Венеција дека Турците го зазеле „luogo di Fetigiado" За ова види кај Јован Радонић, Ђурађ Кастриот Скендербег и Арбанија у XV веку, Споменик XCV, стр. 301.

[28]) Според Иван Снегаров градот Дебар се наоѓал во Долни Дебар, каде била и епископската катедра. Иванъ Снѣгаровъ, История на Охридската архиепископия I, София 1924, стр. 192. Тврдењето на Иван Снегаров во поглед на седиштето на епархијата во Долни Дебар може да се усвои само за годините по 1466, кога дебарскиот владика времето бил сместен во Пишкопеа.

[29]) Душанка Шопова, Македонија во XVI и XVII век, Скопје 1955, стр. 24.

Меѓутоа, подоцна тврдината, сепак, била напуштена во прв ред поради изменетите политички прилики, а освен тоа се наоѓала пострана од комуникационите врски.

Најголема населба во Горни Дебар, како што рековме, бил Раховник[30]). Развојот на Раховник бил сличен на оној што го имале во тоа време и Гостивар и Тетово. Имено Раховник во почетокот на XVI век, а можеби и порано, израснал од село во касаба, во варошка населба. Во слепченскиот кодик е забележен „град ореховик, дебрь. ѿреховник"[31]). Меѓутоа, веќе во тој век се употребува и називот Дебар за градската населба. Имено, кон крајот на XVI век, поправо во 1595 година, во заповедта до дукаѓинскиот бег и до кадиите на Тетово и Дебар е забележено и името на касабата Дебар[32]).

Името Дебар како назив за предел било употребувано уште во првите децении од постоењето на турската власт во тој дел од Македонија. Така во една белешка од 1457 година стои дека: „доиде Есе-бек на Дебр", а во другата од 1466 дека „доиде цар Мехмет бег на Дебрску земљу, на Скедер бега, Цидну пороби и посече"[33]). Името Дебар се појавува и во опширниот пописен дефтер №4 од 1467/1468 година. Меѓутоа, не е јасно што значи употребениот збор: предел или населба. Имено, лицето што ја пишувало пописната книга забележал дека дервенџиските села Иванчишта и Лопушник биле задолжени „да го чуваат патот што водел од Кичево за тврдината Коџаџик" (Иванчишта), односно „патот што одел помеѓу Кичево и Дебар" (Лопушник)[34]). Како што се гледа попишувачот правел разлика меѓу Коџаџик и Дебар. Турскиот топоним Коџаџик укажува на агресивноста на новиот господар, кој во својот прв налет го збришал името Дебар. Подоцна по загинувањето на населбата Јамборија[35]) ишчезнал и последниот спомен на средновековниот град Дебар. Името Дебар било потиснато и заменето со Коџаџик како што е направено и со имињата на средновековните градови Просек и Железнец, кои биле преименувани во Демир Капија и Демир Хисар.

---

[30]) Галаба Паликрушева и Александар Стојановски, цитираната статија стр. 38.

[31]) А. М. Селищев, Македонские кодики XVI—XVIII веков, стр. 67.

[32]) Душанка Шопова, цитираната книга, стр. 83—84.

[33]) Љуб. Стојановиќ, Стари српски записи и натписи бр. 9985 и 9986.

[34]) Турски документи за историјата на македонскиот народ, Скопје 1971, стр. 284

[34a]) Х. Иналцик прави разлика меѓу Свети Град и Дебар („Sfetigrad/Kocacik/et Dibra"). Од неговото искажување „cette zone qui s'etend entre la Dibra et la Forteresse de Kocacik" се добива впечаток како да постоел градот Дебар во XV век. H. Inalcik, цит. статија, стр. 228 и 232

[35]) Галаба Паликрушева и Александар Стојановски во цитираната статија, ја забележуваат Јамборија во 1582 година се уште како село.

[36]) Турскиот топоним Демир Хисар е изведен, веројатно, од грчкиот назив Сидерокастрон што во превод значи Железен Град. Денес нема населба со тоа име. Меѓутоа, постои с. Железнец што лежи на средновековниот локалитет. Називот Демир Хисар означува предел и општина. Административниот центар се изградува северно од с. Мургашево, на периферијата од споменатото село. Седиштето на општината Демир Хисар е оддалечено околу 20 км. од средновековниот административен центар. Но и покрај големата дистанца, имало размислување селото Мургашево да се преименува во Демир Хисар.